РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за заштита на личните податоци
Бр. 14-636/1
21-03-2018 201 год
СКОПЈЕ

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

јавно

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Директорот и заменикот на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци и сите вработени во Дирекцијата за заштита на личните податоци, со цел реализација на услугите по мерка на корисниците, ефективно раководење, развој на партнерство, соработка и учество на вработените, континуирано подобрување на процесите и нивните резултати, континуирано усовршување и иновирање, општествена одговорност и отчетност, фокусирање на конкретни резултати се обврзуваат да работат:

- законски, самостојно, политички неутрално, непристрасно, одговорно, отворено и етички со што ќе обезбедат урамнотежено, одржливо иориснички прифатливо обезбедување на услугите за заштита на личните податоци;
- според европските стандарди и критериуми, при обезбедување услуги на секој граѓанин, деловен субјект, граѓански сектор, други партнерски институции во земјата и/или надвор од неа;
- во партнерство со законодавната, извршната и судската власт на усогласен, ефикасен и ефективен начин;
- фокусирано на целите и резултатите од нашата работа со примена на меѓународно прифатени стандарди за управување и подобрување на сите работни процеси;
- на исполнување на поставените цели на транспарентен, непристрасен и професионален начин на работа;
- успешно и економски оправдано, „домаќински“ користејќи ги расположливите средства и ресурси;
- на континуирано подобрување во согласност со рамката за управување со квалитет;
- применувајќи современи информациски и комуникациски технологии, методологии за управување на проекти и релевантни стандарди на работење;
- поттикнувачки за вработените на Дирекцијата за заштита на личните податоци, со планско и системско обезбедување на нивна мотивација, личен развој, компетентност, исполнетост и задоволство од работата во Дирекцијата за заштита на личните податоци.

**Директор,**
**Горан Трајковски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за заштита на личните податоци
СКОПЈЕ